**Известување за концентрација со која Аустротерм ГмбХ Австрија ќе стекне контрола над средства кои припаѓаат на Бруча Геселшафт м.б.Х, Австрија (предмет бр. 08-95/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 18.06.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Аустротерм ГмбХ, со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, стекнува одредени средства кои се припишуваат на дејноста со изолација на Бруча Геселшафт м.б.Х., со седиште на Рустерштрасе 33, 3451, Мишелхаусен Австрија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Аустротерм ГмбХ** е главно активно во производството и продажбата на изолациски материјали изработени од експандиран полистирен ["ЕПС (*EPS*)"] и екструдиран полистирен ["КСПС (*XPS*)"), што се користат како материјали за изолација за згради, но со различни области на примена. Портфолиото на производи на Аустротерм ГмбХ е заокружено со фасадни профили и градежни табли за обложување подови и ѕидови.

Аустротерм ГмбХ е дел од Шмид Индустрихолдинг Г.м.б.Х. (*Schmid Industrieholding GmbH*), Австрија ("ШИХ"). Преку своите поврзани друштва, ШИХ е активно во различни сектори, вклучително и екстракција на суровини (главно ископување варовник, талк); производство на цемент; материјали за градежната индустрија (како што се бои, монтажни производи, облоги, малтери, изолација, штуко, полнила, тула, цемент, бетонска индустрија); трговија, печки за складирање, рекламна индустрија и опрема за лов.

ШИХ има една подружница регистрирана во Северна Македонија, БАУМИТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Јадранска Магистрала 165, Скопје, Северна Македонија, со основна дејност 46.73 – трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема.

**Бруча Геселшафт м.б.Х.** е австриски семеен бизнис кој произведува висококвалитетни материјали за изолација за индустриски и комерцијални објекти. Неговиот фокус е ставен на0 изолациските панели за широк спектар на примени (ѕидови, фасади, покриви), простории за ладење и врати за ладење. Бруча Геселшафт м.б.Х., исто така, произведува мала количина на изолациски панели од експандиран полистирен на својата локација во Мишелхаусен, Долна Австрија. На 30 април 2024 година, Бруча Геселшафт м.б.Х. ја има завршено својата постапка за реструктуирање на должник во стечај отворена на почетокот на годината во Регионалниот суд во Сент Пелтен со план за реструктуирање. Како дел од овој план, Бруча Геселшафт м.б.Х. се реструктуира за да може да се фокусира на својата "основна дејност", т.е. изолациски панели, ќелии за ладилници и врати за ладење во иднина.

Бруча Геселшафт м.б.Х нема претпријатија-ќерки, активности ниту приходи во Северна Македонија.

Целните средства го сочинуваат целиот имот на Бруча Геселшафт м.б.Х. наменет за работењето со експандиран полистирен ("ЕПС") на локацијата Мишелхаусен.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари за предметната концентрација би можел да се дефинира пазарот за производство и продажба на изолациски материјали од ЕПС (експандиран полистирен).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.06.2024 година
Скопје